д-р Ненад Танески
д-р Методија Дојчиновски

# ЕТИМОЛОГИЈА И ИСТОРИЈА НА МОДЕРНИОТ ТЕРОРИЗАМ

*„Сме го сретнале нивниот вид порано. Тие се наследници на сите убиствени идеологии на XX век“*
***Џорџ Буш,***
*поранешен претседател на САД*

Во 1974 година, со пиштолот врзан за неговиот колк, Јасер Арафат стоеше пред Генералното собрание на ОН и прокламираше дека „разликите меѓу револуционерите и терористите лежат во причината поради која тие се борат“. Споредувајќи ги американските револуционери против Британците и европскиот отпор против нацистите, тој продолжи: „Кој било што се држи до правична цел и што се бори за слобода и ослободување на неговата земја од напаѓачи, доселеници и колонијалисти не може да биде нарекуван терорист... Што се однесува до оние што се борат против правичните цели, оние што ја водат војната со цел да окупираат, да колонизираат и да потиснуваат други – тие се терористи“. За Арафат, дефиницијата на тероризмот беше директно поврзана со неговиот мотив. Според оваа интерпретација, целта ги оправдува средствата; постои оправдание во секој чин на политичко насилство кое е во потрага по „правични“ цели, без оглед на тоа колку е случајна или колку е ранлива жртвата. Определувањето на тероризмот на овој начин директно му противречи на доминирачкиот приод прифатен од страна на многумина во модерните отворени општества. Дефиницијата на Арафат за терорист, според целта има свои корења во историјата и продолжува да влијае врз напорите на академиците и на дипломатите насочени кон постигнување консензус. Со цел да се надмине овој јаз, потребно е да се разгледа и етимологијата и историјата на овој термин.

Зборот тероризам произлегува од латинскиот збор „терор“ што значи „голем страв“. Францускиот збор *terrorism* датира од времето на јакобинскиот „regime de la terreur“ во Франција во периодот меѓу 1793 година и 1794 година. По револуцијата новата власт беше воведена со цел да ја консолидира својата моќ преку заплашување на своите опоненти преку широкораспространети затворања, јавни судења и егзекуции. Уште тогаш концептот за доблеста и теророт беа користени речиси како синоними. „Ако основата за популарна власт е доблест“ изјави револуционерниот лидер Максимилијан Робеспјер, во 1794 година, „неговата основа за време на револуција е доблест, а теророт – доблест без која теророт би бил варварски; и терор без кој доблеста би била немоќна.“ Борбата на Арафат за ослободување и државниот терор во Јакобинска Франција го споделуваа мислењето дека постои доблест во насилството вршено за политички цели.

Тероризмот како практика има долга историја. Персиецот од XI век, Хасан I Сабах, муслиман Шиит, аристократ кој се спротивставувал на доминацијата на Сунитите, го отфрлил подемот на Фатимидскиот Калифат во Каиро и создал група, наречена Хаш-Ишиим, позната на Запад како „Убијци – атентатори“. Од нивната база во планините во Аламут, во североисточна Персија, членовите на Хашиш водеа, според нив, виртуозна кампања која

траеше 200 години, кампања на убиства и самоубиствен терор против принцовите, кралевите, благородништво и генералите на исламот.

До XIX век, употребата на тероризмот во Европа како форма за правично политичко насилство стана предмет на антивладините револуционерни политички филозофии. Особено се издвојуваат двајца мислители од тоа време – италијанскиот републиканец Карло Писакане и рускиот анархист Михаил Бакунин. Писакане, кој го напушти своето аристократско семејство за да се присоедини кон италијанскиот револт против власта на Бурбоните, го распространи концептот на „пропаганда преку дела“. Пишаните „идеи произлегуваат од делата, а не последното од претходното“. Писакане веруваше дека насилството служи како средство со кое јавноста може да се едуцира и да се мобилизира. Надоврзувајќи се на идеите на Писакане, Бакунин ги повика своите другари-револуционери да го уништат секој симбол на власт и моќ.

Следејќи ги концептите на Писакане и на Бакунин, кои имаа специфични цели и кои беа револуционерно ориентирани, руското антицарско движење, Народна волја (волја на народот) започна кампања за рушење на руската монархија. По неколку неуспешни обиди за убиство на Царот, групата конечно успеа на 13 март 1881 година, користејќи метод кој еден век подоцна ќе стане популарен. На тој ден, терорист од Народна волја фрли граната врз кочијата на Цар Александар II. Тој промаши и за кусо време беше затворен. Сепак, по неколку моменти, кога Царот се доближи до ранет минувач, друг терорист се доближи и ја детонираше својата бомба, убивајќи се себеси и својата цел.

Како и атентаторите од пред повеќе од 800 години, терористите од крајот на XIX век речиси секогаш биле насочени кон фигури од власта, и во рускиот случај, главата на државата – последниот симбол за политичка власт. По 33 години, друга група ќе преземе слична акција, кога на 28 јуни 1914 година, Гаврило Принцип, од групата наречена Млада Босна, го изврши атентатот врз Франц Фердинанд, наследникот на австрискиот трон. Тој чин предизвика серија настани кои кулминираа со Првата светска војна и, како што забележува Едвин Мицевски, покажува „колку огромно може да биде влијанието од ова „приватизирано“ национално насилство од тероризмот на највисоко ниво од глобалната политика“.

Оттогаш, и природата и целите на тероризмот се сменети. Уште од 1920 година кога анархистите во Њујорк детонираа коњска кочија полна со динамит во близина на Броад и Волстрит, убивајќи 40 лица и ранувајќи 300 други, целите пораснаа во обем и нејасна дефинираност.

Од крајот на Втората светска војна, тероризмот сè повеќе станува индискриминирачки, таргетирајќи цивили, не лидери, места за јавни средби, а не институции на власта. Тероризмот служел како примарна алатка на антиколонијалните движења во Латинска Америка, Азија, Блискиот Исток и Европа. И еврејските милитанти во Палестина и католичките милитанти во Северна Ирска го користеа за да се спротивставаат на британската окупација. Баскиската сепаратистичка група ЕТА често детонираше експлозиви во прометни туристички и финансиски центри во својата национална борба против Шпанија и како Германија така и Италија внесоа хаос во нивните обиди за политички промени.

Втората половина на дваесеттиот век го обележува масовното селење на тероризмот надвор од државните и од националните граници. Кон крајот на 1960-тите години на минатиот век, подемот на тероризмот прерасна во акција

која ја избираат радикалните левичарски крила на политичките движења низ Европа и Блискиот Исток, земајќи заложници и детонирајќи експлозиви во авиони, како дел од нивните напори да привлечат внимание за нивната кауза или за да обезбедат ослободување на нивните соборци, што се затворени за нивните претходни дела. Во места како Алжир, Белфаст, Париз и Рим, тероризмот стана речиси секојдневна појава. Насилнички групи од места како Шри Ланка, Северна Ирска и Германија почнаа заемно да учат од своите искуства, под заедничкото обележје на револуцијата во заеднички тренинг кампови во Либија и во Либан, со што беше поставена структурата на глобалната мрежа.

Со завршувањето на XX век, трендот сè уште еволуираше. Примената на самоубиствени операции станувашe сè почеста, а размерот на уништување и смртност – сè поголем. Кон ова беа вклучени и илјадници ветерани кои долго време војувале во Авганистан, Либан, Босна и Чеченија, со што беше создадена виртуелна армија без држава. Религиозно мотивираните групи го преземаа водството во она што за нив претставуваше глобална битка против окупацијата, корупцијата и девијантните појави. Базата за глобална, асиметрична војна беше поставена. До почетокот на XXI век, заедничката црта која се провлекуваше од времињата на атентаторите, Француската револуција, и концептите на Писакане и на Бакунин беа поврзани со историјата.

Идејата дека политичкото насилство е оправдано ако неговата цел е насочена, а неговиот деструктивен капацитет ограничен – беше надмината. Размерот сега стана поголем, организациските техники пософистицирани, а технологијата на насилство – понапредна. Денес тероризмот претставува претпочитана тактика на радикалните фундаменталистички групи посветени на целта да ги уништат своите верски и политички противници.

## Определување на тероризмот: Во потрага по консензус

*„Целта на тероризмот не е во единствен чин на бесцелно уништување, туку реакцијата која се обидува да ја испровоцира: економски колапс, заостанување, омраза, поделба, елиминирање на толеранцијата сè додека општествата не престанат да ги признаат нивните разлики и не почнат да бидат определувани од нив“*

Тони Блер

Иако се чини дека постои консензус во однос на тоа дека тероризмот е насилен, политички мотивиран и морално презрен, не постои формална согласност во однос на тоа кој вид дејствување може да го заслужи тоа обележје. Дефиницијата за тероризам дадена од страна на Јасер Арафат во 1974 година, како насилство кое прераснува во легитимно со праведната цел е широко поддржана.

На пример, 15 години по говорот на Арафат, 57 земји членки на Организацијата на исламската конференција усвоија Конвенција во која тероризмот се опишува како „сериозно нарушување на човековите права, особено на правата на слобода и безбедност, како и пречка за слободно функционирање на институциите“. Нејзината дефиниција вклучува кој било „акт на насилство или закана кои немаат издржани мотиви или намери за извршување индивидуален или колективен криминален план со цел да се тероризираат луѓе...“. Сепак, со овие зборови, тероризмот се ограничува на

оние што „...имаат за цел да спроведат...криминален план“ и прави огромен исклучок во полза на „борбата на народите, вклучувајќи ја вооружената борба против странската окупација, агресија, колонијализам и хегемонија, насочени кон ослободување и самоопределување во согласност со принципите на меѓународното право“. Се вели дека ваквиот чин „нема да се смета за терористичко криминално дело. Според овој стандард, ниту еден од нападите оркестрирани од страна на Баскиските сепаратисти во Шпанија, ИРА во Северна Ирска, Тамилските тигри во Шри Ланка и Хамас во Палестина – од кои сите се инволвирани во „борба на народот“ нема да се смета за тероризам.

Според други, сепак, без оглед на мотивот тероризмот никогаш не е легитимен, бидејќи жртвите се цивили. Според нив, методот, или дури единствено целта, го определува терминот. Анализирајќи ги терористичките напади што се вклопуваат во неколку најприфатени можеме да заклучиме дека всушност тероризмот има три лица: 1. криминал, 2. војна и 3. државен механизам. Имено, оваа поделба е причина поради која постигнувањето консензус во однос на тоа „што претставува тероризмот“ е толку деликатно прашање.

***Тероризмот како криминал***

Многумина го дефинираат тероризмот со фразата „незаконска примена на сила“. Тероризмот во суштина претставува криминална повреда на речиси секој национален или меѓународен правен кодекс.[1] Ова е особено интересно од неколку причини. Пред сè, го ограничува дејствувањето на недржавното политичко насилство во област надвор од границите на прифатливо правно однесување, резервирајќи ја правната примена на сила единствено за државата. Второ, имплицира дека правните механизми постојат за да дејствуваат против ваквите криминални дејства кога истите ќе се случат. Трето, го занемарува фактот дека тероризмот се смета за тактика на асиметрична војна од страна на оние што ги извршуваат тие дела (и нивните поддржувачи) и во тој контекст претставува чин во и на војна. Иако насилниот криминал може да се појави во многу форми, тој не е ниту дефиниран во политичката терминологија ниту, пак, е вкоренет во концептот за распространување страв. Напротив, правилото во повеќето случаи на криминални дејства е тајноста, публицитетот не е неопходен непосреден успех, а не долготрајна кампања. Кога го категоризираме тероризмот како криминал, ја сведуваме можноста да се бориме со него единствено во доменот на јакнење на правото, исклучувајќи ја примената на воена акција или која било од формите на војна.

Сепак, категоризирањето на тероризмот како „незаконски“ и неговото поставување во доменот на криминалот претставува долго време цел и заедничка практика меѓу државите што се предмет на кампањи на политичко насилство – Израел, Индија па сè до Британија. По серијата бомбашки напади од страна на ИРА на почетокот на 1970-тите, Британија го усвои својот прв „Акт за спречување на тероризмот“ со кој формално тероризмот се определи како незаконска форма и се дефинираше како „примена на насилство за политички цели“ или „со цел јавноста или која било друга секција од јавноста да се воведе во страв“.Во 1979 година меѓународната заедница презеде дополнителен чекор во оваа насока со ратификацијата на Конвенцијата против земањето заложници. Во 1980-тите, САД кодифицираа своја сопствена дефиниција за

[1] Котовчевски Митко, *„Национална безбедност на Република Македонија“*, Д.2, Скопје, 2000, стр. 36

тероризмот, определувајќи го како „незаконска примена на сила против лица или имот со цел да се заплаши или да се принуди власта, цивилната популација или кој било друг сегмент во насока на остварување политички или социјални цели“. По 2001 година многу други земји усвоија слични дефиниции и донесоа моќни закони за истиснување на тероризмот како појава во домашни и меѓународни рамки. Овие закони не само што ги покриваат индивидуалните дејства кои водат кон, и резултираат со терористички дејства, туку исто така, вклучуваат механизми за спречување на вакви дејства.

Сепак, и покрај силните напори, меѓународната заедница треба допрва да се согласи околу една единствена дефиниција. Од средината на 2005 година не постои консензус околу тоа дали тероризмот е криминал. Освен тоа, да им се суди на терористите единствено според стандардите за криминал е ризична стратегија. Силите што ги мотивираат оние што се вклучени во она што најдобро може да се опише како слаба сила во асиметрична војна се далеку покомплексни. Теоретски, ниту еден криминалец не се вклучува во некоја активност со намера или со волја да умре. Во случајот со модерниот терорист, сепак, особено во случајот со бомбашите самоубијци, за кои нивните дела се свети, смртта не претставува пречка за успехот.

Додека класифицирањето на тероризмот како криминал навистина може да даде можности за државата да стави вето и да ги казни терористичките организации на суд, со него не се успева и да се опфати комплексноста или тежината на постојната закана. Освен тоа, борбата против тероризмот како борба против криминалот претпоставува дека терористите се однесуваат како криминалци. Тие не се однесуваат така. Сторителите на нападите во САД, на 11 Септември, како и оние на самоубиствените бомбашки напади во Лондон, во 2005 година, немаа криминално досие во ниедна од земјите. Ова е вистинит факт за многу сторители на самоубиствени бомбашки напади во Израел. Навистина, практиките на многумина терористи денес се многу поиндикативни во споредба со професионално обучените шпиони и војниците за специјални операции, отколку во споредба со криминалците.

### *Тероризмот како облик на војна*

Дали тероризмот претставува прашање на војна или не? Воениот теоретичар од XX век, Карл фон Клаузевиц напиша,

*Војната не е ништо друго освен дуел во екстензивни размери. Доколку можеме да ги замислиме безбројните дуели кои сочинуваат војна како една единица, најдобро тоа ќе го сториме доколку си претставиме двајца борачи. Секој се обидува со својата сила да го принуди другиот да му се потчини на неговата волја: неговата вистинска цел е да го фрли непријателот и на тој начин да го претвори во неспособен за понатамошен отпор. Оттука, војната претставува чин на насилство за да се принуди противникот да ја оствари нашата волја.*

Дефиницијата на Клаузевиц навлегува во сржта на проблемот. Тероризмот е чин на војна. Тогаш зошто постои дебата? Недејствувањето на државите, особено на САД, внесе нејасност. Според нивниот Кривичен закон (Член 18 – криминал и процедури, параграф 2331 – дефинирање на тероризмот) САД го дефинираат како „чин на војна“ секој чин што се јавува „во текот на (А) објавена војна; (Б) вооружен конфликт, без оглед на тоа дали е објавена или не војна меѓу две или повеќе нации; или (Ц) вооружен конфликт меѓу воени сили од каков било вид“.

Оттука, Ал Каеда е во војна со САД од 1995 година, кога изврши напад врз американска воена канцеларија во Саудиска Арабија. Според тоа, требаше да се применат законите за војна, а не оние за криминалниот кодекс. Сепак, САД не објавија војна како одговор. Не го сторија тоа ни по нападите врз амбасадите во Кенија и во Танзанија во 1998 година, или по две години, по нападот врз нивниот воен брод, U.S.S. Cole. Навистина, сè додека Ал Каеда не ја нападна копнената територија на САД во 2001 година, земјата не ја призна природата и размерот на заканата. Ограничени со сопствената дефиниција за тероризмот како криминал, САД продолжуваат да се борат со тероризмот пред сè како да се работи за прашање што е предмет на спроведување на правото.

За ова сведочи Националниот центар за справување со тероризмот на САД, кој го базира толкувањето на тероризмот врз основа на Кодексот на САД 22.265ф(д): „однапред подготвено политички мотивирано насилство извршено против невоени цели од страна на субнационални групи или тајни агенти". За жал, оваа дефиниција е толку широка што укажува на тоа дека секој чин на политичко насилство претставува тероризам, вклучувајќи ги и различните форми на граѓанска непослушност". Освен тоа, во ниту еден случај не споменува војна, за разлика од Стратегијата на САД за справување со тероризмот. Дефинирањето на тероризмот на овој начин, надвор од контекстот на војната, е идентично со дефинирањето на изборите надвор од политиката. Разгледувањето на тероризмот во контекст на војната, несомнено, наметнува сериозни дилеми за владите. Не постојат јасни цели или територии за освојување. Терористичките оперативци се виртуелно невидливи и нивните тренинг бази можат да бидат изградени бргу како што можат да бидат и уништени. Оттука, отворената војна меѓу државите и овие сили е исклучително тешка.

***Тероризмот како државен механизам***

Дали тероризмот можеме да го поврземе со државната власт? Бруталноста на моќта е стара и милиони луѓе досега биле масакрирани во битката за етнички или идеолошки чисти општества. Холокаустот создаден од страна на нацистичка Германија, неговите размери, природа и ужаси и понатаму претставуваат најзначаен пример што може да се замисли. Сепак, ваквите кампањи не завршија со поразот на Германија и се појавија одново во Босна, во Руанда, во Судан. Насилството во сталинистичка Русија и во Камбоџа, засновано врз класната борба, засекогаш го смени карактерот на нивните општества. Кон крајот на XX век, бројот на жртвите на државниот тероризам драстично се зголеми. Државниот терор може да се појави во мал размер и да биде краткотраен, како и широко распространет со апсења и егзекуции во Чиле за време на Пиноче или пак доминирачки терор поддржан од страна на државата (спроведен од страна на десничарските одреди на смртта во Ел Салвадор и Никарагва). Сепак, кога државите вршат терор размерот станува голем. Такви се примерите од културната револуција во Кина, принудната миграција на Ерменците од Турција и институциите на ропство во Америка и апартхејдот во Јужна Африка.

Државниот терор претставува форма на институционализирано насилство извршено од страна на владата врз сопственото население. Целта не е да се создаде немир со кој ќе се принуди промена во политичкиот поредок, туку одржување или консолидирање на моќта. Тероризмот, од друга страна, бара промена. Иако исходот врз жртвата на крајот останува ист, целта и

сторителот се фундаментално различни. Државниот терор претставува класификација за категоризирање на тактиката преку нејзиниот извршител. Домашниот тероризам, на пример, се случува во рамките на една земја, не вклучува странци и не е ниту поддржан ниту оркестриран од страна на ниту една странска влада. Најголемиот број од сите забележани терористички инциденти во периодот меѓу 2000 година и 2006 година спаѓаат во оваа категорија. Меѓудржавниот терор се однесува на терористичките акции кои вклучуваат повеќе држави и се контролирани или управувани од страна на владата. Често како синоними се користат термините „меѓународен“ или „транснационален“ тероризам, кој ги вклучува оние акции во кои се инволвирани државјани од повеќе држави, како меѓу жртвите, така и меѓу сторителите, се извршуваат од страна на недржавни актери и не се ниту контролирани ниту управувани од страна на државата. Ал Каеда спаѓа во оваа класификација.

**Кон консензуална дефиниција**

Неколку карактеристики се заеднички за повеќе дефиниции на тероризмот. Од нив можеме да создадеме консензуална дефиниција, па затоа ќе го дефинираме тероризмот на следниов начин:

Тоа е тактика, стратегија која има за цел да предизвика страв, а нејзиниот мотив е политички.

Тероризмот е чин на насилство.

Се сведува на моќ, факт кој елоквентно е опишан од страна на Брус Хофман како: борбата за моќ, стекнувањето моќ, и примената на моќта за да се постигне политичка моќ.

Тој е индискриминирачки, но не и случаен.

Планиран е, искалкулиран и систематски.

Неговото извршување бара организација, што подразбира база на поддршка, мрежа и своевидна командна структура.

Тероризмот не претставува примена на насилство за финансиски профит, иако за многумина тој можеби претставува криминал.

Тој е асиметрична форма и чин на војна.

Оттука, во интерпретацијата на Клаузевиц, тероризмот претставува чин на војна. Има индиректна форма во таа смисла што за цел има поширока популација од непосредните жртви и непропорционално ги бира за цел невоените лица. Иако може да се изврши од страна на властите, во голем степен се врши од страна на послаби сили, кои не се во состојба да ги вклучат своите непријатели во отворена битка, прогресивно претворајќи го во метод на асиметрична војна. Тероризмот не е која било форма на политичко насилство и не секој кој дејствува насилно во борба за политички цели е терорист. Ова разграничување е есенцијално за да се разбере вистинската природа на прашањето.